Седници

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за бесплатна правна помош и политички систем

До: Здружение Конект Скопје
ул.„Владимир Полежиновски" бр.19-1/6 Центар
Скопје

Бр. 11- 2715/2
Скопје25.10.2021година

ПРЕДМЕТ: Известување

Од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, доставени ни се Ваши препораки/предлози кон Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, согласно Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политика (Службен весник на РМ 99/2011).

Дозволете во оваа прилика да се заблагодариме за конструктивните препораки/предлози за измени на Законот за донации спонзорства во јавните дејности и при тоа да Ве информираме дека истите беа внимателно разгледани од страна на Министерството за правда.

Со поднесената иницијатива, се предлага Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за измена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и да го земе во предвид учеството на граѓанските организации при спроведување на постапката.

***

Со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11 , 28/14 и 153/15) се уредуваат давањето и примањето на донациите и спонзорствата со кои давателот и примателот можат да бараат даночни поттикнувања, целта на давањето и примањето, давателите и примателите, предметот, користењето, даночните поттикнувања и евидентирањето и контролата на донациите и спонзорствата во јавните дејности. Со донацијата и спонзорството во јавните дејности со кои се остварува јавниот интерес, се придонесува за подобрување на личниот и заедничкиот живот на граѓаните, здруженијата на граѓаните и фондации, физичките и правните лица во Република Македонија, како и за нивната економска благосостојба и социјална правда.

Согласно член 21 точка 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, на барање за потврдување на јавен интерес поднесено од давателот или примателот на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

донацијата, односно спонзорството согласно со ставот (8) на овој член, Министерството за правда издава решение со кое го потврдува јавниот интерес на дадената донација или спонзорство.

Согласно член 1 од Кодексот на добри практики добрата практика за обезбедување учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики се заснова на следните начела:

- зголемување на транспарентноста и отчетноста во работата на Владата на Република Македонија (во по натамошниот текст: Владата) и органите на државната управа;
- унапредување на соработката помеѓу Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор преку структурирана и редовна комуникација и консултации во процесот на креирање политики; и
- подобрување на квалитетот на процесите на креирање политики, донесување одлуки и спроведување на утврдените политики од страна на Владата и органите на државната управа, преку користење експертиза од граѓанскиот сектор.

Согласно член 5 соработката на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики може да се остварува во облик на: информирање, консултации, дијалог и партнерство.

Информирањето претставува основа за сите понатамошни чекори на учество и соработка на вклучените страни.

Консултациите претставуваат процес во кој се бара стручен придонес и мислење од вклучените страни и првенствено се започнуваат од страна на органите на државната управа.

Дијалогот ја нагласува меѓусебната заложба на вклучените страни за размена на информации и мислења. Партнерството подразбира преземање на заеднички обврски во секоја фаза на соработката од страна на Владата, органите на државната управа и организациите.

Соработката може да се остварува во сите фази од процесот на креирање на политики: во процесите на утврдување приоритети во креирањето политики при изработката на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија, при изготвување на закони и подзаконски акти, документи за политики и стратегии и акциски планови, во процесите на спроведување, следење или изменување на законодавството.

***

Со предлог иницијативата се очекува зголемена соработка меѓу граѓанските организации и Владата преку воспоставување на принципот на транспарентност и отчетност.

Согласно програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

периодот 2020-2024 делот „Демократија која работи за граѓаните" предвидени се консултации со граѓанското општество во подготовките на политиките и законите како и гарантирање на повратни информации кон граѓанското општество од секој процес на консултации.

Согласно предлог Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2021 – 2024, измената на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, е предвидена како активност во Стратешката цел 11. Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество.

Во контекст на погоре изнесеното, Министерството за правда Ве известува дека во тек е формирање на работната група за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорство во јавните дејности, при што ќе бидат земени предвид предлог – измените од Здружението Конект Скопје во однос на услогласување со регулативата на ЕУ, како и подобрување на овозможувачката околина.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

подготвил: Никола Бабановски советник
контролирал:Бојана Босилкова, раков.на одд.
Мира Димишковска, раков.на одд.

Копие до:Влада на Р.Северна Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со
невладини организации


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification